# РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР

дипл.економист Ромео Костадинов

## РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР

***Регресот за годишен одмор, К-15, задолжително се исплатува до 31.12.2020, а субјектите кои имаат финанeиски потешкотии, можат да исплатат под минималниот пропишан износ, по претходно исполнување на условите и спроведена постапка, согласно Колективниот договор за приватен сектор од областа на стопанството.***

### ВОВЕД

Обврската за пресметување и плаќање на регресот за годишниот одмор или К-15, се однесува и за 2020 година, за правните лица од приватниот сектор, кои се обврзани да пресметуваат и исплатуваат надоместок за годишен одмор.

Специфичностите манифестирани од почетокот на месец март 2020, до јуни 2021 година, појавата на COVID 19 во Македонија и потребата од интервентна регулатива, влијаеа врз остварување на обврските од работните односи.

Согласно одредбите од член 35 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ“ 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), регресот за користење годишен одмор, се утврдува како право на надомест на трошоците поврзани со работата.

Исплатата на надоместокот, се врши за вработените кои ги исполнуваат пропишаните услови, за стекнување со правото на регресот за годишен одмор за 2020 година.

ОКДПСОС предвидува одредени олеснувања, за исплатата на К-15, при постоење отежнати околности во работењето.

## *1. ДАЛИ К-15 Е ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ЗА ИСПЛАТА*

Согласно одредбите од член 35 од ОКДПСОС, исплатата на регресот за годишен одмор за 2020 година е задолжителна за вработените кај приватниот сектор од областа на стопанството, од најмалку минимално пропишан износ, освен при постоење на финансиски потешкотии во работењето.

Отпочнувајки од 2014 година, со одредбите од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, (ОКДПСОС), се утврди и минимален износ на регрес за годишен одмор, што не беше регулирано во претходниот период (заклучно со 31.12.2013 година). Од 2016 година, минималниот износ доби условно флексибилен карактер, кој се задржа и при исплатата на К-15 за 2021 година.

Карактеристика за работењето во 2021 година претставува попречувањето на редовното обавување на деловна активност, предизвикано од COVID 19. Поради наведените причини, одредени компании се соочија со потешкоти во своето работење, кои предизвикаа нарушувања на финансиските текови, а со тоа и финансиски слабости во извршувањето на нивните обврски.

Покрај непогодностите, кои сеуште се присутни кај повеќето деловни субјекти, обврската која е пропишана со одредбите од ОКДПСОС за исплата на К-15, не подлегна на измени и суштински нуди задоволително решение за правните субјекти.

### *1.1. Исплата на регрес (К-15 до 2014 година)*

Пред воведувањето на задолжителната обврска за исплата на К-15, исплатата беше доброволна и условена од гранската припадност на деловниот субјект.

Висината на регресот за годишен одмор (заклучно со 31.12.2013 година), се определуваше врз основа на одредбите од гранските колективни договори, но исплатата зависеше од волјата на работодавачот, како и од економско-финансиската состојба на правниот субјект.

Условите се променија по извршените измени во ОКДПСОС - Спогодбата за продолжување на траењето на колективниот договор за приватен сектор од областа на стопанството во РМ, ("Службен весник на РМ" 189/2013) за 2014 година, при што се напушти определувањето на висината за исплата, спрема гранскиот принцип, се пропиша задолжителната исплата и се определи минималната основица.

### *1.2. К-15 во период од 2015 до 2020 година*

Согласно одредбите до член 35 алинеа 8 од Спогодбата за измена и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор („Службен весник на РМ" 189/13), која стапи на сила на 01.01.2014 година, се утврди обврската на работодавачот за пресметка и исплата на регрес за користење годишен одмор, во висина ***од најмалку 40% од основицата***.

Покрај тоа што со одредбата се определи најнискиот износ за исплата на регресот (40% од основицата - просечната месечна нето плата по работник во РМ исплатена во последните три месеци, врз основа на објава од страна на Државниот завод за статистика на крајот на секој месец), се пропиша и задолжителната исплата, доколку вработениот ги исполнува условите, за да се стекне со К-15.

## *2. К-15 ВО 2021 ГОДИНА*

Врз основа на измените на Спогодбата за измена и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор („Службен весник на РМ" 119/15), која стапи на сила на 14.07.2015 година, се пропиша флексибилна основица за К-15, за 2015 година, која се применуваше и во претходната 2020 година и остана да важи и при исплатата на К-15 за 2021 година.

Притоа со ОКДПСОС се изврши класифицирање за цели на К-15, помеѓу субјекти кои **немаат** потешкотии во работењето и субјекти со потешкотии во работењето.

Класификацијата "субјекти кои **немаат** и субјекти со потешкотии во работењето" за претходните години, се темелеше врз параметрите, кои како финансиски показатели се оствариле со работењето во претходната година.

Во 2021 година, класификацијата не ги зема во предвид само финансиските показатели од претходната, туку и состојбата во тековната година, заради рестрикциите при работењето, предизвикани од спроведување на мерките за заштита од COVID-19.

### *2.1. К-15 кај субјекти без потешкотии во работењето*

Раздвојување на два вида субјекти, со и без потешкотии во работењето, е извршено по барање на работодавачите.

Согласно категоризацијата, разликуваме субјекти кои не се со задоволителна финансиска кондиција и субјекти кои не манифестирале потешкотии во работењето, иако условите не се прецизно определени, за да може да се направи јасна граница за наведениот критериум.

Согласно одредбите од член 35 став 1 алинеја 7, висината на регресот за годишен одмор за вработените во приватниот сектор од областа на стопанството во РМ, се определува на износ од најмалку **40%** од **основицата**.

**Основицата** за пресметување на надоместоците на работниците, преставува **просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија**, исплатена во последните три месеци.

Просечната месечна нето плата по работник во РМ, исплатена во последните три месеци (февруари – март - април 2021), податок кој се користи како основица за исплата на регрес за годишен одмор, почнувајќи од 01 јули 2021, **изнесува 28.200,00 денари, која се применува до следна објава на нов податок (за јули од 22.07. – новиот податок се уште не е објавен)**.

Пропишаниот **минимален** износ на К-15 за јуни 2021 година изнесува 40% од **28.200,00**, односно **11.280,00 денари,** за субјектите кои немаат потешкотии во работењето за исплата до 21.07.2021 година (до денот на новата објава на основицата).

Со колективен договор на ниво на дејност или колективен договор на ниво на работодавач, **може** да се утврди регрес за годишен одмор **во поголем износ** од износот утврден со колективниот договор за приватен сектор од областа на стопанството во РМ.

Регресот за годишен одмор е ограничен, како минимален и максимален износ за исплата.

Субјектите без потешкотии во работењето во 2021 година, се деловните субјекти кои не бележат драстичен пад на приходите во првото полугодие од годината и не се во групата на субјекти кои бележат прекин во работењето.

### *2.2. Понизок износ на К-15, за субјекти со потешкотии во работењето*

Финансиските потешкоти во 2021 година ги опфаќаат и причините кои го нарушија редовниот економски циклус, поради мерките за заштита и спречување на ширењето на COVID 19.

Намалениот обем на работа, поради спроведување на мерките за заштита и спречување на ширењето на COVID 19, со кои деловните субјекти искажуваат незадоволителни резултати, влегуваат во категоријата на финансиските потешкоти во работењето за 2021 година.

Согласно одредбите од член 35 став 4, кај работодавачите кај кои настанале потешкотии во работењето, ценејќи ја економско – финансиската состојба на работодавачот, **по задолжителна претходна консултација** со синдикатот на ниво на гранка, односно оддел, со спогодба потпишана од работодавачот и репрезентативната синдикална организација, може да се утврди регрес за годишен одмор **во помал износ од 40%** од основицата, утврдена со колективниот договор, односно помал износ од **11.280,00** денари, **за исплата** до **21.07.2021** година.

Согласно одредбите од член 35 став 4, кај работодавачите во кои немаат формирано синдикат, спогодбата се потпишува со избран претставник од работниците.

Заради исполнување на условот за потпишување на спогодба со “избран претставник на вработените”, претходно задолжително треба да постои акт со кој се верифицира статусот на “избран претставник на вработените”.

Вообичаена процедура на избор се спроведува на барање на управен орган до колективот, односно до вработените кои треба да се изјаснат за наименувањето.

Согласно наведеното, **не постои пропишан минимален износ на К-15**, за субјектите, кај кои настанале потешкотии во работењето.

Висината на регресот за годишен одмор, кај субјектите кај кои настанале потешкотии во работењето, **се определува спогодбено**, помеѓу работодавачот и репрезентативната синдикална организација.

Кај работодавачите, кај кои не постои репрезентативна синдикална организација, спогодбата се потпишува од избран претставник на вработените.

И во едниот и во другиот случај, наведената спогодба се склучува по претходна задолжителна консултација со синдикатот на ниво на гранка, односно оддел.

Казнените одредби од Законот за работни односи, **во поглед на неисплатениот износ на К-15, односно неисполнување на обврската за К-15 за 2021 година, ќе се применуваат кај работодавачите, кои се повикуваат на неуспешни преговори и не постигнување спогодба за износот на К-15, како причина за неисплатување**.

Во случај на постигнување спогодба, на начинот наведен во колективниот договор, работодавачот може да исплати понизок износ од минималниот од 40% од просечната месечна нето плата по работник во РМ, исплатена во последните три месеци, односно помалку од **11.280,00** денари.

Вредноста на К-15 во овој случај, спогодбено треба да се утврди, врз основа на финансиската состојба, за исплата без финансиски штетни последици за друштвото.

Постоењето на финансиски потешкотии во работењето секако е услов за намалување на износот за исплата на К-15, но не и можност за избегнување на исполнување на обврската.

## *3. УСЛОВИ ЗА ИСПЛАТА НА К-15 ЗА 2021 ГОДИНА*

Регресот за годишен одмор, се исплатува еднаш во текот на годината.

Износот се утврдува според основицата, која важи на денот на донесувањето на одлуката за исплата.

Условот за стекнување со право на исплата на регрес за годишен одмор, е работникот да работел, **над шест месеци во календарската година (2021), кај истиот работодавач.**

Со колективен договор на ниво на гранка, односно оддел или колективен договор на ниво на работодавач, може да се утврди регрес за годишен одмор во повисок износ, од износот утврден со ОКДПСОС.

Утврдувањето на висината на регресот се врши според основицата, која е **со важност на денот** на донесување на одлуката за исплата.

Согласно одредбата од член 35 од ОКДПСОС, регресот за годишен одмор, се исплатува еднаш во текот на годината.

Со спогодбата, како и со ОКДПСОС, односно Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05 ... 187/13; 20/15; 33/15; 72/15; 129/15; 27/16; 120/18), не се предвидени прекршочни санкции, ниту глоба, во случај регресот за годишен одмор, да се исплати во неколку наврати, иако се потенцира дека неговата исплата се врши еднаш во текот на годината.

Исплатата на регресот за годишен одмор, согласно Законот за работни односи и ОКДПСОС, се врши до крајот на годината, односно **до 31.12.2021 година**, а може да отпочне од **01.07.2021**, за вработените **кои оствариле 6 (шест) месеци работен стаж, кај работодавачот за календарската 2021 година**.

**Напомена**: К-15 би требало да се исплати најкасно со 31.12.2021, односно денот на доставувањето на годишната сметка за 2021 година т.е. 15.03.2021 година. **Неисплатениот К-15**, до денот на доставувањето на ДБ, за 2021 година не добива третман на **даночно непризнат расход** и **не ја зголемува** даночната основица за данок на добивка за 2021 година (за разлика од 2019, кога неисплатениот дел на К-15 до 15.03. се третираше како даночно непризнат расход).

Даночен кредит во ДБ за 2021 година, **не може да се користи, доколку К-15 за 2020 година, е исплатен после 15.03.2021 година**, бидејќи не постои основ согласно законот.

## 4. КОРИСТЕЊЕ НА ГОДИШЕН ОДМОР И К-15

Правото на годишен одмор му припаѓа на секој работник, кој е во работен однос и кој ги исполнува законските услови. Правото на годишен одмор следува за секоја календарска година, и секогаш е проследено со правото на надоместок на плата, а од 01.01.2014 следува и правото на регрес, кој за приватниот стопански сектор, согласно ОКДПСОС е задолжителен.

Траењето на годишниот одмор, се определува според времето поминато во работен однос, сложеноста на работното место, условите за работа, здравствената состојба на работникот и други критериуми утврдени со колективен договор.

Празниците, саботите и неделите и слободните денови, отсуствата поради боледување, како и другите случаи на оправдано отсуство од работа, не се пресметуваат во деновите на годишниот одмор.

Како ден на годишен одмор, се смета секој работен ден, кој според распоредот на работното време кај работодавачот, за конкретниот работник е одреден како работен ден.

Работникот се стекнува со правото на цел годишен одмор, кога ќе оствари непрекината работа од најмалку шест месеца, без оглед дали работникот работи полно работно време или пократко работно време од полното.

Работникот има право на користење на пропорционален дел на годишниот одмор, во вкупен износ од по два дена, за годишниот одмор, од секој месец работа, ако:

1) во календарската година, во која склучил работен однос, не се стекнал со правото на користење на целосен годишен одмор (од вработувањето остварил помалку од 6 месеци во годината) и

2) му престанал работниот однос пред изминувањето на рокот, на кој по истекувањето би добил право на целосен годишен одмор (работел под 6 месеци пред отказот).

Потребите на работниот процес, како и можностите за одмор и рекреација на работникот, односно земањето во предвид на семејните обврски на работникот, се одлучувачки фактори при користењето на годишниот одмор.

Годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година, може да се користи и во два дела, со тоа што првиот дел задолжително трае најмалку 12 работни дена. Работодавачот е должен на работникот да му обезбеди искористување на 12 работни дена годишен одмор, до крајот на тековната календарска година, а остатокот до 30 јуни наредната година.

Годишниот одмор, којшто не бил искористен во тековната година, заради отсутност поради боледување или повреда, породилен одмор или одмор за нега и чување на дете, работникот има право да го искористи до 30 јуни, идната календарска година.

Работникот по престанувањето на работниот однос има право на обештетување за неискористениот дел од годишниот одмор.

Ништовна е каква било спогодба со која работникот би се откажал од правото на годишен одмор или од обештетувањето за годишниот одмор.

Должината и начинот на користењето на годишниот одмор во установите од областа на образованието и науката се уредуваат со прописите од областа на образованието и науката, поради специфичноста на оваа област, која подразбира посебен режим на одмарање, поврзан со законски пропишаните периоди за одмор на учениците и наставниот кадар во училиштата.

Работникот има право еден ден од годишниот одмор да го искористи на ден којшто самиот ќе го определи, ако тоа посериозно не го загрозува работниот процес, за што мора да го извести работодавачот, најдоцна три дена пред користењето.

### *5. ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД И К-15*

Согласно одредбите на Законот за данок на личен доход (“Службен весник на РМ” 241/18 и “Службен весник на РСМ” 275/19 ... 85/21), регресот за годишен одмор, како доход од работа, се оданочува со данок на личен доход.

Согласно одредбите од член 12 од Законот за данок на личен доход, предвидени се ослободувања за доходот од работа - надоместоците од работен однос. Во наведената одредба не постои пропишано ослободување од данок на личен доход, за регресот на годишен одмор.

Согласно одредбата од член 14 од Законот за данок на личен доход, доход од работа претставува секој доход што го остварува обврзникот по основ на работен однос, вклучувајќи го и доходот по договор за повремено или привремено вршење услуги на органите на државната управа, на домашните и странските правни и физички лица, како и на домашните странските физички лица што вршат самостојна дејност, ако со законот за данок на личен доход, не е изземен од оданочување.

Согласно одредбата од член 15, доход од работа во смисол на член 14 од законот, претставуваат:

1) остварената плата и надоместокот на плата од работен однос и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот, намалени за придонесите од задолжително социјално осигурување и даночното намалување за месецот за кој се исплатува платата;

2) износот на надоместоците на трошоци од работен однос исплатени над износите од членот 12 на законот за данок на личен доход и сите други надоместоци на трошоци поврзани со работа утврдени со Законот за работните односи, ОКДПСОС, гранските колективни договори, колективен договор на ниво на работодавач и прописите за органите на државната управа и износот на надоместокот за закуп на имот како и износот на надоместокот на трошоци поврзани со закупот на имотот на вработено лице кога надоместоците ги плаќа работодавачот;

Основа за пресметување на данокот на личен доход од работа, претставува износот на надоместоци на трошоци од работен однос исплатени над износите од член 12 на законот и сите други надоместоци на трошоци поврзани со работа, утврдени со Законот за работните односи, ОКДПСОС, гранските колективни договори и прописите за органите на државната управа.

Согласно одредбите од член 84 од Законот за данокот на личен доход, член 24 од ***Законот за измена на законот за данокот на личен доход,*** (‘‘Службен весник на РСМ‘‘ 275/19 ... 85/21), утврдување и наплата на аконтација на данокот на доход по одбивка, се врши за следните видови доходи:

1. **доход од работа;**
2. **доход од самостојна дејност;**
3. **доходот од авторски и сродни права и**

4. **доходот од продажба на сопствени земјоделски производи (ако исплатувачот на доходот води деловни книги);**
5. **доход од права од индустриска сопственост;**
6. **доход од закуп и подзакуп (ако исплатувачот на доходот води деловни книги);**
7. **доход од капитал;**
8. **капитални добивки;**
9. **доход остварен од добивки од игри на среќа;**
10. **доход од осигурување и**
11. **друг доход,**

се пресметува на соодветно утврдена даночна основа со примена **на единствена стапка од 10%**, а пресметаниот и платениот данок по одбивка се смета за конечно намирена обврска.

Пресметката и плаќањето на данокот на доходот од работа, доходот од самостојна дејност, доходот од авторски и сродни права, доходот од продажба на сопствени земјоделски производи, доходот од права од индустриска сопственост, доходот од закуп и подзакуп, доходот од капитал, капиталните добивки, доходот од осигурување и друг доход **за 2020, 2021 и 2022 година**, **ќе се врши по стапка од 10%.**

Согласно наведеното, аконтација за данок на личен доход се пресметува при исплатата на К-15, за секој поединечен вработен, по стапка од 10% (**11,1111% од нето исплатениот К-15**).

Аконтацијата за К-15, ќе се пресметува по 11,1111%, а аконтативниот износ се смета за конечно измирена годишна даночна обврска.

Уплатата на аконтацијата за данок на личен доход се врши збирно по Општините, во кои вработените кои примаат К-15, имаат живеалиште, односно престојувалиште, на следната **уплатна сметка**:

**840 – општина – 1284; приходна шифра 711131.**

**Минимален износ за исплата на К-15, согласно ОКПДСОС, изнесува 11.280,00 денари (28.200,00 x 40% за јули 2021 (од 22.07.2021 новиот податок - сеуште не е објавен).**

Согласно одредбите од член 35 од ОКПДСОС, основицата за пресметување на надоместоците на работниците, претставува просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија, исплатена во последните три месеци.

**НАПОМЕНА: Висината на износот зависи од моментот на донесување на Одлуката за исплата на К-15, од страна на работодавачот.**

Без оглед на висината на пропишаниот износ за исплата на К-15, целокупниот исплатен износ подлежи на данок на личен доход, било тоа да е 11.280,00 (минимално пропишан) или 28.200,00 (максимално пропишан износ).

**НАПОМЕНА**: Наведените минимален и максимален износ се определени, како нето износи за исплата, согласно одредбите на ОКПДСОС и Законот за работни односи, а давачките дополнително се пресметуваат на нето основиците.

### *6. ДАНОК НА ДОБИВКА И К-15*

Основа за пресметување на данокот на добивка за соодветниот даночен период, претставува износот на добивката зголемена за непризнаените расходи и помалку искажаните приходи.

Сметководствената бруто добивка се утврдува според прописите за сметководство и воспоставените деловни политики и практики. Сметководствената бруто добивка за одреден даночен период, подлежи на оданочување со 10% данок на добивка, врз основа на утврдената пресметка на Образец ДБ.

Согласно член 11 став 1 точка 2 алинеја 6 од Законот за данокот на добивка (“Службен весник на РМ” 112/14 ... 275/19 и (“Службен весник на РСМ” 290/20), за оданочиви расходи и помалку искажани приходи се сметаат:

1) расходите кои не се поврзани со вршење на дејност на субјектот, односно не се непосреден услов за извршување на таа дејност и не се последица од вршењето на таа дејност;

2) надоместоците на трошоци и други лични примања од работен однос, освен утврдените со оваа точка во износи кои не го надминуваат:

- износот на исплатениот регрес за годишен одмор во висина од 40% од просечната месечна бруто плата по работник во РМ, објавена до денот на исплатата.

**За 06/2021 (до 21.07) - (42.441,00 x 40% = 16.976,00 МКД).**

Не се оданочува (ослободен од данок на добивка) износот на исплатениот регрес за годишен одмор во висина од 40% од просечната месечна бруто плата по работник во РМ, објавена до денот на исплатата, или помалиот износ од наведеното, утврден со спогодбата помеѓу работодавачот и вработените, односно синдикатот.

**Износот на К-15 до 16.976,00 денари не подлежи на оданочување со данок на добивка, без оглед дали истиот е исплатен до 15.03.2022 година.**

Износите на исплатен К-15, **кои ја надминуваат висината од 16.976,00 денари, подлежат на оданочување со данок на добивка,** со тоа што износот **над наведениот** пропишан максимален износ на даночно признат расход, ја зголемува даночната основица за данок на добивка во Образец ДБ, **без оглед на тоа дали е исплатен или не,** до 15.03.2022.

Согласно последно објавени предлог за измени кај Законот за данокот на добивка се предвидува зголемување на прагот за даночно признат расход за 2021 година.

Со предлог измените (кои се уште не се усвоени) даночно признатиот расход за К-15 за 2021 година се утврдува на износ од 33.953,00 МКД, пресметн како 80% од просечната месечна бруто плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата.

Прилог:

- Одлука за исплата на К-15 за 2021 година,
- Спогодба за исплата на К-15 во помал износ од минималниот.

Врз основа на член 35 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ“ бр.115/14 – пречистен текст и измените во бр.119/15 и 15/2016) и член ___ од Колективниот договор (се цитира колективниот договор на ниво на работодавач, а ако нема на ниво на гранка, односно дејност), Управниот одбор (управителот или друг орган кој е надлежен за донесување одлуки), на _______ 2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За исплата на регрес за годишен одмор за 2021 година**

На вработените во друштвото им се исплатува регрес за користење годишен одмор за 2021 година, во висина од _________ денари.

Регресот за годишен одмор ќе се исплати на _________ 2021 година.

Право на регрес за годишен одмор, имаат работниците кои се стекнале со право на користење годишен одмор и кои ќе се стекнат со тоа право во текот на 2021 година.

Работниците, кои во 2021 година, ќе се стекнат со право на користење на пропорционален дел од годишниот одмор, имаат право на **пропорционален дел од регресот** за годишен одмор.

Средствата за исплата на регресот ќе се обезбедат од тековното работење (да се наведе изворот на средства кредит, позајмица или друго) .

Одлуката да се достави до:

Финансиска служба;
Архива.

**Управител**

_______________

Врз основа на член 35 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството („Службен весник на РСМ“ 84/2010...119/15;110/19), меѓу работодавачот ______________________________, застапуван од управителот ________________________ и репрезентативниот синдикат на вработените кај работодавачот, претставуван од _____________ (или претставник на вработените), се склучува:

**СПОГОДБА**
**за исплата на регрес за годишен одмор во помал износ**

**Член 1**

Поради настанати потешкотии во работењето на друштвото, предизвикани од нереализирани договори, поради состојбата предизвикана од пандемијата на COVID – 19, по извршените консултации со синдикатот на ниво на гранка, односно оддел, страните се договорија на вработените да им се исплати регрес за годишен одмор за 2021 година во помал износ од минимално пропишаниот со ОКДПСС, односно во висина од __________ денари.

**Член 2**

Работодавачот се обврзува да донесе одлука за исплата на регрес за годишен одмор во рок од _____ дена по потпишувањето на Спогодбата.

**Член 3**

Спогодбата стапува на сила со денот на потпишувањето.

Спогодбата да се достави до:

- Репрезентативниот синдикат;
- Управителот и
- Архивата.

**Репрезентативен синдикат/Управител**

_____________________

# ПРИДОНЕСИ

*дипл.економист Јулија Минковска*

## *СТАЖ НА ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ (БЕНЕФИЦИРАН СТАЖ)*

***Работниците кои се вработени на работни места кои бараат поголем физички и умствен напор или при извршување на работните обврски се изложени на тешки услови за работа, имаат право на стаж со зголемено траење (Бенифициран стаж).***

### *ВОВЕД*

Со Законот за пензиско и инвалидско осигурување се уредува задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, опфатот на осигуреници, правата кои се остваруваат од ова осигурување, матичната евиденција на осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување, основите на капиталното финансирано пензиско осигурување, како и посебните услови под кои одделни категории на осигуреници ги остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Правата од пензиското и инвалидското осигурување се неотуѓиви, лични материјални права кои не можат да се пренесуваат на други лица, не можат да застарат, а се стекнуваат и остваруваат во зависност од начинот, должината и обемот на вложувањето на средствата за пензиско и инвалидско осигурување.

На осигуреникот на кого стажот на осигурување му се смета за зголемено траење***, (бенифициран стаж), се регулира согласно следните законски прописи:***

**1)** ***Законот за пензиско и инвалидско осигурување*** ("Службен весник на РМ" 98/12 ... 31/20);

**2)** ***Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување*** ("Службен весник на РМ" 142/08 ... 247/18);

**3)** ***Правилникот за Методологијата за изработка на стручна документација кон Барањата за утврдување на работни места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење*** ("Службен весник на РМ" 38/04);

**4)** ***Правилникот за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење*** ("Службен весник на РМ" 32/11);

**5)** ***Одлуката за утврдување единствен кодекс на шифри за внесување на податоци во матична евиденција*** ("Службен весник на РМ" 77/07; 83/10; 89/11).

## *1. СТАРОСНА ПЕНЗИЈА*

Согласно член 18 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, (***во продолжение Законо***т за ПИО), осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни ***64 години живот (маж),*** односно ***62 години живот (жена)*** и најмалку ***15 години пензиски стаж.***

## *2. НАМАЛУВАЊЕ НА СТАРОСНАТА ГРАНИЦА*

Согласно член 19, од Законот за ПИО, на осигуреникот на кого стажот на осигурување му се смета со зголемено траење, старосна граница за стекнување право на старосна пензија, се намалува зависно од степенот на зголемувањето на стажот и тоа ***за по една година***.

***1) за секои Седум години*** поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување, како ***13 месеци;***

***2) За секои Шест години*** поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како ***14 месеци;***

***3) за секои Пет години*** поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување како ***15 месеци***;

***4) за секои Четири години*** поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување како ***16 месеци;***

***5) за секои Три години и шест месеци*** поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување како ***17 месеци;***

***6) за секои Три години*** поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување како ***18 месеци.***

На осигуреникот на кого ефективно поминати 12 месеци стаж на осигурување се смета како стаж на осигурување со зголемено траење на работни места и работи кои се изведуваат под земја и кој во текот на осигурувањето бил распореден на работи и работни места со различни степени на зголемување на стажот на осигурување, старосната граница за стекнување право на старосна пензија се намалува за секој период поминат на работно место со одреден степен на зголемување на стажот пропорционално на времето поминато на тоа работно место со намалување на старосната граница

Вкупното намалување на старосната граница се утврдува како збир на пропорционално утврдените намалувања за секој поединечен период.

### *2.1. Стаж на осигурување што се смета со зголемено траење*

Согласно член 108 од Законот за ПИО, на осигурениците кои работат на особено тешки и по здравјето штетни работни места, како и на осигурениците кои работат на работни места, на кои по наполнувањето определени години на живот, не можат со успех да ја вршат својата професионална дејност, стажот на осигурување им се смета со зголеменото траење.

Степенот на зголемувањето на стажот на осигурување зависи од тежината на штетноста на работата, односно од природата на работата, така што работните места се распоредуваат во ***шест групи со тоа што секои 12 месеци ефективна работа се смета како 14, 15, 16, 17, односно 18 месеци, стаж на осигурување.***

Согласно член 109 од Законот за ПИО, како работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, затоа што работата на нив е особено тешка и штетна по здравјето, можат да се утврдат работните места, на кои се ***исполнети следните услови:***

***1) Во врска со извршувањето на работите на работните места***, да постојат позначителни штетни влијанија врз здравствената состојба и врз работната способност на работници и покрај тоа што се применети сите општи и посебни заштитни мерки, утврдени со прописите, како и другите мерки, што можат да влијаат, врз отстранувањето и намалувањето на штетните влијанија;

***2) Работите на работните места, под тешки*** и по здравјето штетни услови, да се извршуваат непосредно покрај изворите на штетните влијанија, во непрекинатиот тек на работата и

***3) Работите на работните места, под околностите*** од претходните две точки, да ги извршува ист работник, во текот на полно работно време, земајќи го како полно работно време и работното време пократко од 40 часа неделно, определено за одделни работни места, поради посебните услови за работа.

Како работните места, на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, затоа што векот на вршење на професионалната дејност е ограничен, со наполнувањето на определени години возраст, можат да се утврдат работните места, во оние занимања, во кои поради природата и тежината на работата, физиолошките функции на организмот опаѓаат во толкава мера, што на работникот му го оневозможуваат натамошното успешно вршење, на истата професионална дејност.

## 3. УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ

Согласно член 110 од Законот за ПИО, работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, затоа што работата на нив е особено тешка и штетна по здравјето, се утврдува со Правилник, со кој се уредува методологијата за изготвување и содржината на стручната документација, кон барањето за утврдување на работни места, на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење.

Со барањето за утврдување на стажот на осигурување со зголемено траење, подносителот на барањето, приложува документација, со содржината определена со Правилникот

Во стручната документација, се дава целосен приказ за општите услови, присутни кај работодавецот, што се предмет на анализа, јасен преглед на работата и работните места, со сите ризици од опасни и штетни влијанија, по здравјето на работниците.

Работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, а кои не се опфатени со Правилникот, начинот за нивно утврдување, степенот на зголемувањето на стажот на осигурување на тие работни места, го утврдува Комисијата за ревизија на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење.

Комисијата ја формира министерот за труд и социјална политика во состав од три члена, од кои два член стручни и компетентни лица од областа на безбедноста и здравје при работа и еден член од областа на пензиското и инвалидското осигурување.

Со акт на министерот за труд и социјална политика се уредува организацијата и начинот на работа на Комисијата за ревизија.

Работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, се утврдуваат по претходно прибавено мислење од соодветни стручни и научни организации, на иницијатива на работодавците.

Работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, подлежат на ревизија што ја врши Комисијата за ревизија на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење.

***Ревизијата се врши најдоцна во рок пет години, од денот на утврдување на тие работни места.***

На ревизија подлежат и работни места накои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, работодавачот може да иницира постапка за промена на техничко – технолошките услови на работа.

За работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, работодавецот може да иницира постапка за промена на актот на Фондот, поради промена на техничко-технолошките услови на работа.

### *3.1. Осигуреници на кои стажот им се смета со зголемено траење*

Согласно член 112 од Законот за ПИО, стажот на осигурување со зголемено траење им се смета и на осигурениците што во работен однос, односно на работа врз основа на која биле задолжително осигурени, поминале работејќи со полно работно време, како: осигуреници, со телесно оштетување од ***најмалку 70%***, воени инвалиди ***од I до VI група***, цивилни инвалиди од војната ***од I до VI група***, слепи лица, лица заболени од дистрофија и сродно мускулни и невромускулни зболувања и од параплегија, церебрална и детска парализа и од мултиплекс склероза.

На овие осигуреници, секои ***12 месеци*** ефективно поминати во работен однос, врз основа на кој се осигурени, им се сметаат како ***15 месеци стаж на осигурување***, а старосната граница, пропишана за здобивање на старосна пензија им се намалува за по една година, за секои пет години ефективно поминати на таква работа.

***На осигурениците во кои спаѓаат***:

- ***Инвалидните лица на трудот, воените инвалиди, цивилните инвалиди од војната***, како и другите инвалидни лица, ако работат онолку време, колку што одговара на нивната работна способност и
- ***Работничките*** – заради доење или нега на дете, односно работниците, заради нега на дете; кои работат на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, стажот на осигурување им се зголемува само за она време што ефективно го поминале на работа.

По исклучок од оваа одредба, на осигурениците на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење, кои се во работен однос, односно на работа врз основа на која биле задолжително осигурени, поминале работејќи со полно работно време, тој стаж им се зголемува и ако работеле со скратено работно време, како да работеле со полно работно време.

***Во стаж на осигурување со зголемено траење се смета и времето за кое осигурениците биле осигурени во пензиското и инвалидското осигурување,*** во својство на воен осигуреник или граѓанско лице на служба во Југословенската народна армија, освен времето што граѓанското лице на служба во Југословенската народна армија го поминало во група, и тоа под условите и во обемот што се утврдени со прописите, со кои било уредено пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници.

## *4. ИЗРАБОТКА НА СТРУЧНА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОН БАРАЊАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ*

Изготвување и содржината на стручната документација, кон барањата за утврдување на работни места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење е регулирано согласно Правилникот за методологијата за изработка на стручна документација, кон барања за утврдување на работни места, на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење.

Со барањето за утврдување на стажот на осигурување со зголемено траење, подносителот на барањето во согласност со член 35 и 36 од Статутот на Фондот на ПИОМ, приложува документација, со содржината определена со правилникот.

Во Стручната документација, се дава целосен приказ за општите услови присутни кај работодавецот, што се предмет на анализа, јасен преглед на работата и работните места со сите ризици од опасни и штетни влијанија, по здравјето на работниците.

### *4.1. Основна содржина на стручната документација за утврдување на работните места, кај кои постојат тешки и штетни влијанија на работата*

Согласно член 3 од Правилникот, со цел да се утврди фактот дали на работното место постои тежина и штетност за здравјето и работната спсобност, стручната документација мора да содржи:

- ***Податоци за поднесувачот на барањето;***
- ***Податоци за работното место;***
- ***Податоци за штетните влијанија на работното место;***
- ***Податоци за последиците на штетните влијанија на работата, врз здравствената и работната способност;***
- ***Предлог за степенот на зголемување на стажот и***
- ***Укажување за примена на законските одредби со образложение.***

Подносителот на барањето треба да даде опис на технолошкиот процес, застапен кај работодавецот, бројот на работниците што учествуваат во производниот процес, како и оцена на технолошкиот процес, од аспект на применатата технологија, во смисол на тоа дали истата е современа или не, како и степенот на постојните мерки за заштита при работата, во производниот процес.

Исто така, заради утврдување на фактичката состојба, за степенот на загрозеност на работните места потребна е да се прикаже методологијата за следење на параметрите, кои се во согласност со Законот за заштита при работа и подзаконските акти од областа на заштитата при работа.

### *4.2. Општи податоци за работни места*

Согласно член 6 од Правилникот, податоците за работното место содржат:

***а) Назив на работното место и опис на работното место***, според договорот за работа;

***б) Услови за вработување*** (се наведува дали се бараат посебни особини за вработување на ова работно место во поглед на: годините на возраст, полот, стручната подготовка, работното искуство, здравствените, психофизичките и социјалните особини и други специјални особини);

***в) Бројот и структурата на вработените, распоредени на работното место и тоа*** (според староста и работниот стаж на работното место, за кое се поднесува барање);

***г) Режимот на работата*** (работа во смени, ноќна работа, прекувремена, распоред и траење на работното време, скратено работно време, бројот на траењето на паузите во текот на работењето, организираноста на исхраната, рекреативни одмори и слично);

***д) Попис на работите*** во кои вработениот учествува во процесот на работата, односно технолошкиот процес;

***ѓ) Податоци дали на ова работно место се вршени посебни здравствени и психолошки контроли*** и какви (*периодични контролни прегледи при вработувањето и слично)* во согласност со прописите од областа на работните односи и заштитата при работа;

***е) Опис и попис на работните задачи, според актот за систематизација и организација на работодавецот и тоа за:***

- ***локација на извршување на работните задачи***
- (*место/места на работата на кои се извршува*
- *работата на работното место, работен простор*
- *и простории во кои вработениот работи);*
- ***предмет на работа (суровини и др. материјали);***

***ж) Средства за работа*** (*машини, алати, орудија, извори на енергија*), кои се користат при извршување на работата;

- *времетраење на работата и зачестеност во определени периоди.*

### *4.3. Податоци за штетните влијанија врз здравјето и работната способност*

Согласно член 7 од Правилникот, податоците за штетните влијанија на работа, содржат податоци за опасностите при работа, штетностите, физичките и динамичките напори, физичките статички напори, физичките оптоварувања, заради упот-

реба на лични заштитни средства, оптоварување на сетилата и психофизичкиот напор на работното место.

Податоците за фактичката состојба на загрозеноста на конкретното работно место, се изразува преку ***следните показатели:***

***а) Макро и микроклиматските услови на работната средина*** *(температурата на воздухот, релативната влажност на воздухот, брзината на струење на воздухот и ефективната температура на воздухот);*

***б) Физичките штетности*** *(изложеност на бучава, осветленост, вибрации, зрачења, висока или ниска температура, присутност на материи под притисок);*

***в) Хемиските штетности (****вдишување односно продирање во телото преку кожата (отровни, канцерогени, мутагени материи);*

***г) Биолошките штетности*** *(изложување на ризици од инфекции при манипулирање со биолошките фактори, изложеност на микроорганизми, присутност на алергии)***.**

**За секоја утврдена штетност или опасност да се наведе:**

***а) Изворот на штетноста, односно опасноста*** *(со назнакачување на степеност на непосредниот контакт, во однос на работникот);*

***б) Интензитетот на штетностите, односно опасностите*** *(мерните вредности се споредуваат со МДК);*

***в) Експозицијата на работниците*** *на утврдените штетности или опасности во поглед на временското траење;*

***г) Последиците, односно видовите на заболувањата или оштетувањата на здравјето*** *и работната способност или ги предизвикуваат наведените штетности или опасности.*

### *4.4. Опасности*

Согласно член 8 од Правилникот, опасностите при работа се штетни влијанија на работата кои претставуваат состојба на загрозување, кои можат или не мора, да бидат извор на оштетувањето на здравјето со последица на професионалната или општа неспособност за работа, а нивното можно дејствување е моментално.

За секое работно место се наведуваат постојните опасности при извршувањето на работите, кои би можеле да бидат механичка опасност, падови при крај на работата, опасности од електрична струја, термички опасности, биолошки опасности и опасности од пожар и експлозија.

***За секоја од опасностите, која се сврстува во стручната документација се наведува:***

***а) Изворот на опасности*** *(машини или уред, постројки, рачни/механизирани алати, средство за превоз, работен простор, скеле, предмет на работа, работен материјал, енергент и друго);*

***б) Основните правила на заштита при работа*** кои се применти (*техничко-технолошки решенија*) и посебните правила на заштита при работа *(работа со посебни услови на работа, лични заштитни средства, оспособување за работа на сигурен начин, озрачување и друго);*

***в) Образложение на околностите*** заради кои не се применети основните и посебните правила за заштита при работа, кои со прописи се задолжителни.

***Како позначајни опасности при работа, кои треба да се наведат во документацијата, спаѓаат:***

- **Напори на работа;**
- **Физички напори;**
- **Физички динамички напори;**
- **Физички статички напори:**
- **Физички оптоварувања, заради употреба на лични заштитнио средства:**
- **Оптоварувања на сетила;**
- **Психофизиолошки напори;**
- **Докази за причините поради кои на работното место не може да се спроведе успешна заштита:**

- ***1.Напори на работа***

Во документацијата треба да се наведат напорите за кои се оценува дека можат да предизвикаат намалување или загубување на работната способност, кои можат да бидат телесни динамички напори, телесни статички напори, телесни оптоварувања заради употреба на лични заштитни средства, оптоварување на сетилата и психофизички напори.

➢ ***2. Физички напори***

Физичките напори се група на штетни влијанија на работа, кои заради извршување на работите со зголемена сила *(динамички напори)* или заради работа со присилена или нефизиолошка положба на телото, односно од таквата положба (*статички напор*), можат со подолго дејствување да предизвикаат оштетување со последица од настанување на намалување или загубување на работната спсобност.

➢ ***3. Физички и динамички напори***

Изворот на физичките динамични напори, може да бидат активности на ракување со предметите, активности на управување и активности при движење на работењето.

***Во стручната документација за физичките динами-чни напори се наведуваат:***

***а) Физичките активности со кои се остваруваат работите на работното место*** *(ракување со предметите со наведување на поединечните тежини на предметите кои вработениот ги подига, преместува, спушта во една работна операција и вкупната количина на работните операции и вкупната тежина на предметите/товарот во една смена)*;

***б) Движења при работа*** *(качување/симнување, лазење, притискање, влечење, скокнување/одскокнување, одење, трчање и др*), со означување на времето на оделна активност и движење, односно зачестеност во една работна смена;

***в) Повторувачки движења*** (*на рацете/нозете*) со означување на зачестеноста на тие движења во единица време, вкупно непрекинато траење на тие движења во една работна смена.

➢ ***4. Физички статички напори***

За физичките статички напори во стручната документација се наведува положбата на телото при работата за секоја работа.

Извор на статистички физички напори, можат да бидат положбите на телото при работа: седење ***(присилно нефизиолошко)***, стоење со минимални можности за промена на положбата, наклонета и длабоко наклонета стоечка положба, потреба на работата со одржување на рамнотежата и друго.

За секоја наведена положба на телото што е извор на статичкиот напор да се наведе непрекинато траење на работата во соодветна положба на телото, а ако положбата на телото се менува, се наведува зачестеноto и поделно трае-ње на односната положба на телото

Ако работите кои бараат работа, што може да биде извор на статички напори не се секојдневни, задолжително се наведува зачестеноста и траењето за определен период.

### ➢ *5. Физички оптоварувања заради употреба на лични заштитни средства*

Согласно член 13 од Правилникот во документацијата се наведува видот на личните заштитни средства *(за заштита на органите за дишење, главата, телото, екстремитетите и друго*) кои се користат при извршување на работите од член 7 на овој правилникот, со назнака на времето во кое вработениот ги врши под оптоварување на еден или повеке лични заштитни средства истовремено.

### ➢ *6. Оптоварување на сетила*

Во документацијата се наведуваат изворите и видовите на раздразнувачките причинители, траењето, односно зачестеноста на активностите кои се заснoваат на тие раздразнувачки информации за работите како што е оптоварување на слухот, видот и другите сетила.

### ➢ *7. Психофизиолошки напори*

За психофизиолошките напори во стручната документација, се наведуваат причинителите, од кои е изворот:

***а) Вид на работата*** на која вработениот му поставува зголемени барања, зголемен број на информации, кои вработениот мора да ги елаборира, со цел за примена на исправно работење, одржување на високо ниво на перцептивни, емоционални, психосензори, менталните и психомоторните функции *(ноќно работење и работа во услови на оптоварувања);*

***б) Технолошки наменет ритам на работа****,* неуедначен ритам на работа, технолошки наметната брзина на работата;

***в) Неопходни комуникации*** при извршувањето на работите на работното место;

***г) Условите под кои се извршува работата***, бучавата на која ја попречува дејноста, бучава која го спречува неопходното говорно разбирање, климатски услови на намалување на видливоста, лошо осветлување и друго;

***д) Распоред на работата*** која го нарушува природниот биолошки ритам и го отежнува остварувањето на примарните физиолошки и социјални потреби, технолошки услови за невозможна пауза во текот на работењето, нередовна исхрана и спиење;

***ѓ) Ризик за настапување на извонредни случувања*** во текот на работата, кои можат да бидат извор на состојбите за страдање на самиот вработен, на останатите вработени, корисниците на услуги, настанување на значителни материјални штети.

- ***8. Докази за причините поради кои на работното место не може да се спроведе успешна заштита.***

***Стручната документација кон барањето*** за признавање стаж на осигурување што се смета со зголемено траење, неопходно е да содржи докази за предвремени општи и посебни мерки за заштита при работа на работните места опфатени со барањето, како и докази за преземените мерки за отстранување, односно ублажување на штетните влијанија на тие работни места.

***При изнесување на доказите да се наведат доказите за спроведување и неспроведените заштитни мерки:***

- Техничко-технолошки;
- Хигиено-санитарни;
- Здравствени (медицинско-психолошки);
- Организациски:
- други заштитни мерки.

При определување на причините кои и покрај предвидените и преземените заштитни мерки во работната средина се присутни одредени штетности и опасности, што го загрозуваат здравјето и работната спсобност на извршителите, да се наведат причините кои доведуваат до ваквата состојба, односно да се даде коментар за изворот на оваа состојба.

### 4.5. Податоци за последиците од специфичноста на работните услови врз животот и работната способност на работниците

Согласно член 17 од Правилникот, последиците на штетните влијанија на работата се даваат за оштетување на здравјето на секое од работните места, кои се можните последици од влијанието на пооделните опасности, штетности и напори, односно можните последици на кумулативните и/или синергичните влијанија на повеќето штетни влијанија на работата.

***Во документацијата се даваат податоците за:***

- **Повреда на работа,**
- **Оштетување на здравјето што предизвикале привремена спреченост за работа** *(боледување),*
- **Професионални болест***,*
- **Причини за намалена, односно загубената работна способност** *(инвалидност) и*
- **Професионални заболувања.**

Професионалните заболувања се регистрираат врз основа на системски извршената здравствена контрола кај работодавецот, односно врз основа на периодичните здравствени прегледи, како и врз основа на индивидуалните прегледи.

Во документацијата за определен период (до 10 години) се прикажуваат податоците за бројот на професионалните болести, согласно Меѓународната класификација на болести.

Приказот на податоците за професионалните болести се дава во однос на староста и работниот стаж.

- ***2. Повреди на работа***

Во документацијата треба да биде даден приказ на повредите на работа, кои им се случиле на вработените на работното место од член 7 од правилникот за соодветен период ***(до 5 години).***

Во приказот на повредите, задолжително се наведува работата кај која е настаната повредата, изворот на повредата, начинот на настанувањето на повредата, повредениот дел на телото и природата на повредата.

- ***3. Привремена спреченост***

Во документацијата за период до 5 години, треба за секоја година на периодот на посматрање, посебно да се обработи и прикаже бројот на вработените, кои заради оштетување на здравјето, кое е во врска со штетните влијанија на работата, биле привремено спречени за работа.

Се прикажува бројот на привремената спреченост за работа, според видовите на оштетувањето на здравјето, кои се последица на штетните влијанија, на работата и тоа во однос на староста на животот и работниот стаж.

- ***4. Загубена или намалена работна способност***

***Во документацијата во период до 5 години,***
***треба да се прикаже;***

***а) Бројот на вработени***, нивната старост, вкупниот стаж и траењето на работното место, кои според прописите за пензиско и инвалидско осигурување стекнале права *(скратено работно време, распоредување односно вработување на друга соодветна работа, преквалификација или доквалификација*);

***б) Бројот на вработени, нивната возраст***, вкупниот стаж и траењето на работата на работните места, кај кои настанале контраиндикации за продолжување на работата, утврдени со посебни прописи;

***в) Оштетувањата на здравјето,*** кои предизвикале намалена или загубена работна способност, опасност од настанување на инвалидност или настанување на контраиндикации кај вработениот од ставовите а) и б).

***Подносителот на барањето може за податоците да ги користи изворите од периодите во кои податоците се презентирани.***

*Поднесува*чот на барањето може во Стручната документација, да даде приказ на целното истражување на здравствената состојба и професионалната способност на вработениот, кој врши работи на работни места од член 7 на правилникот во однос на постојните штетни влијанија на работата.

Приказот на состојбата ***(бројот на вработените и видот на оштетувањата на здравјето)*** се даваат во однос на животната возраст и работниот стаж, за цели на загубена или намалена работна способност.

- ***5. Податоците за здравствената состојба на работниците***

Податоците за оцената на здравствената состојба на работниците, кои работеле на такви работни места, да се дадат врз основа на резултатите од извршените превентивни прегледи. Ако е потребно, за целосна слика на реалната здравствена состојба, да се дадат податоци од дополнителните испитувања на здравствената состојба на работниците, кои работат на тие работни места.

### *4.5. Основна содржина на стручна документација за утврдување на работните места, односно занимања на кои се извршуваат професионални дејности*

Согласно член 23 од Правилникот, со цел утврдување на работни места-занимања, на кои се извршуваат работи кој кои векот на вршење на професионалната дејност е ограничен, со навршување на определени години на живот, стручната документација, мора да содржи:

а). ***Податоци за поднесувачот на барањето;***

б). ***Податоци за работните места на кои се извршуваат работите на занимањето, и тоа:***

- Име на работното место и опис на работите од договорот за работа;
- Број и структура на вработените, распоредени на работното место (старост, работен стаж);
- Попис на работите со кои вработениот остварува професионална дејност;
- Детален опис на физичките и/или менталните активности на вработениот што ја врши професионалната дејност и физичката (психомоторна) и психофизичка
- функција, кои се во основа на тие активности.

Во приказот на физичките и психофизичките функции, задолжително се наведуваат сознанија на медицинските и психолошките сознанија за поаѓањето на тие функции во текот на животниот век и за критичниот век, во кој настапува неможност за извршување на работите.

### *4.6. Предлог на степенот на зголемување на стажот на осигурување со зголемено траење, со образложение*

Согласно член 24 од Правилникот, подносителот на барањето во завршниот дел на Стручната документација, дава предлог за степенот на зголемување на стажот на осигурување со зголемено траење, со кусо образложение.

За податоците кои според оваа методологијата мора да бидат наведени во Стручната документација за работното место, за кое се поднесува барање, треба да бидат назначени изворите од кои податоците се прибавуваат, односно постапка (метод) со кој е утврдена фактичката состојба.

## *5. ПРЕСМЕТКА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ*

Согласно член 5 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (***во продолжение Законот***), во задолжително социјално осигурување спаѓа и придонесот за стаж на осигурување, кој се смета со зголемено траење.

Обврзник за плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, за стаж на осигурување што се смета со зголемено траење, е работодавачот за своите врабо-тени на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење.

Соглано член 31 став 2 од Законот, стапките по кои се пресметува и плаќа придонесот за ПИО за стажот на осигурување, што се смета со зголемено траење, ***за 2021 година се следните:***

- **9,4%** за вршење на работи и задачи на кои ефектифно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување **како 18 месеци**;
- **7,83%** за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување **како 17 месеци;**

- **6,27%** за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување **како 16 месеци**;
- **4,7% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;**
- **3,13%** за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување **како 14 месеци;**
- **1,57%** за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци, се сметаат во стаж на осигурување **како 13 месеци;**

### *5.1. Пресметка на придонеси за бенифициран стаж*

Работникот "НН" има склучено договор за работа со работодавачот, со утврдена бруто плата, ***во висина од 25.000,00 денари***. За работното место на работникот во керамичка индустрија согласно Правилникот за утврдување на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење за ***поминати 12 месеци ќе се сметаат, како стаж на осигурување од 15 месеци.***

| | |
|---|---|
| ***1. Бруто плата*** | ***25.000,00*** |
| ***2. Стапка за пресметка*** | ***4,7%*** |
| ***3. Придонес за ПИОМ за стаж со зголемено траење*** | ***1.175,00*** |

***Пресметка на останати придонеси и персонален данок на доход:***

| | |
|---|---|
| 1. Бруто плата | 25.000,00 |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 4.700,00 |
| 3. Придонес за задол. здрав. осиг. (1 x 7,5%) | 1.875,00 |
| 4. Придонес за проф. забол.(1 x 0,5%) | 125,00 |
| 5. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 300,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2+3+4+5)** | **7.000,00** |
| 7. Бруто плата намален за придонеси (1 – 6) | 18.000,00 |
| 8. Даночно намалување за 2021 | 8.438,00 |
| **9. Основа за персонален данок (7 – 8)** | **9.562,00** |

| | |
|---|---|
| 10. Данок на доход (9 x 10%) | 956,00 |
| 11. Нето плата за работникот (1 – 6 – 10) | 17.044,00 |
| **12. Доплата на придонес за стаж со зголемено траење (1 x 4,7%)** | **1.175,00** |

**Вкупно ПИО 5.875,00 = (4.700,00 + 1.175,00)**

***Книжење:***

| | | |
|---|---|---|
| 420 - Вкалкулирана бруто плата | 26.175,00 | |
| 240 – Обврски за плата | | 26.175,00 |
| *- вкалкулирани бруто плата,* | | |

| | | |
|---|---|---|
| 240 – Обврски за плата | 26.175,00 | |
| 2430 - Нето плата | | 17.044,00 |
| 2340 - Данок на доход | | 956,00 |
| 2343 - Придонес за задолжително ПИО | | 4.700,00 |
| 2344 - Придонес за здрав.осиг. | | 1.875,00 |
| 23441 - Придонес за допл. здравство | | 125,00 |
| 2345 - Придонес за вработување | | 300,00 |
| 2349 - Обврска за придонес за ПИО за стаж на осигурување со зголемено траење | | 1.175,00 |
| *- за пресметана плата;* | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2430 - Нето плата | 17.044,00 | |
| 2340 - Данок на доход | 956,00 | |
| 2343 - Придонес за задол. ПИО | 4.700,00 | |
| 2344 - Придонес за здрав.осиг. | 1.875,00 | |
| 23441 - Придонес за допл.здравство | 125,00 | |
| 2345 - Придонес за вработување | 300,00 | |
| 2349 - Обврска за прид. за ПИО за стаж на осигурување. со зголемено траење | 1.175,00 | |
| 1000 - Трансакциска смета | | 26.175,00 |
| *- за исплатена плата и придонеси.* | | |

## *6. ПОПОЛНУВАЊЕ НА МПИН ПРЕСМЕТКА*

Во МПИН пресметката, работодавачот ги внесува сите вработени кои биле во редовен работен однос, во месецот за кој се подготвува пресметката.

Во истата МПИН пресметка, се внесуваат и сите вработени кои остваруваат право за дополнителен придонес за ПИО за бенифициран стаж.

***За вработените на кои им се исплатува бенифициран стаж, во МПИН пресметката СЕ ПОПОЛНУВААТ ДВА ПОЕДИНЕЧНИ РЕДА.***

**Во ПРВИОТ ред** се внесуваат податоците од редовната плата која работникот ја остварил со сите придонеси, персонален данок на доход и нето плата.

**Во ВТОРИОТ ред** се задржува истиот реден број, се пополнуваат основните податоци ***и во поле 3.17 се пополнува шифра за стаж на осигурување со зголемено траење.***

***Во вториот ред каде се пополнуваат*** шифрите за стаж на осигурување со зголемено траење, ***се пополнуваат и полињата 3.18; 3.19а; 3.20; 3.21 и 3.22.***

***Пополнувањето на МПИН Образецот во ПРВИОТ РЕД се врши на следниот начин:***

- **Во поле 3.0 до 3.4-ц** Податоци за осигуреникот

| | | |
|---|---|---|
| • **Во поле 3.5 -** | Траење на стажот во денови | **30** |
| • **Во поле 3.6 -** | Ефективна работа /час | **168** |
| • **Во поле 3.7 -** | Износ на ефективна работа | **17.044** |
| • **Во поле 3.14 -** | Бруто плата | **25.000** |
| • **Во поле 3.15 -** | Придонес за ПИО | **4.700** |
| • **Во поле 3.40 -** | Придонес за здравство | **1.875** |
| • **Во поле 3.42 –** | Допол. Прид.за здр.осиг. | **125** |
| • **Во поле 3.44 -** | Придонес за вработување | **300** |
| • **Во поле 3.46 –** | Данок на доход | **956** |
| • **Во поле 3.17 -** | Шифра за стаж на осигурување | **0050** |
| • **Во поле 3.13 -** | Нето плата | **17.044** |
| • **Во поле 3.31 -** | Ефективна нето плата | **17.044** |
| • **Во поле 3.32 -** | Број на трансакциска сметка | **0** |

***Пополнувањето на МПИН Образецот во ВТОРИОТ РЕД се врши на следниот начин:***

- **Во поле 3.0 до 3.4-**ц Податоци за осигуреникот
- **Во поле 3.5 -** Траење на стажот во денови **0**
- **Во поле 3.6 -** Ефективна работа /час **0**
- **Во поле 3.7 -** Износ на ефективна работа **0**
- **Во поле 3.14 -** Бруто плата **0**
- **Во поле 3.15 -** Придонес за ПИО **0**
- **Во поле 3.40 -** Придонес за здравство **0**
- **Во поле 3.42 -** Доп. прид. за здра.осигур. **0**
- **Во поле 3.44 -** Придонес за вработување **0**
- **Во поле 3.46 -** Персонален данок **0**
- **Во поле 3.17 -** Шифра за стаж на осигурување **8028**
- **Во поле 3.18 -** Степен на зголемување за стаж со зголемено траење **4,7**
- **Во поле 3.19-а -** Од ден **1**
- Во поле 3.19-б - До ден 1
- Во поле 3.20 - Вкупно денови 30
- **Во поле 3.13.-** Нето плата **17.044**
- **Во поле 3.31.-** Ефективна нето плата **17.044**
- Во поле 3.21 **-** Основица за стаж со згол. траење **25.000**
- **Во поле 3.30 -** Број на пријава/одјава
- **Во поле 3.22 -** Износ на придонес за стаж со зголемено траење **1.175**

***Во поле 3.17*** се пополнува шифра согласно Одлуката за утврдување единствен кодекс на шифри за внесување на податоци во матична евиденција ***(во примерот 8025).***

***Во поле 3.18*** се полнува соодветна шифра за стажот на осигурување кое се смета со зголемено траење, само за вработените кои работат на работни места на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење ***(во нашиот пример 4,7).***

***Во поле 3.19а*** се пополнува датумот во месецот кој се смета за почеток на осигурување со зголемено траење ***(во примерот 1).***

***Во поле 3.19б*** се пополнува датумот во месецот кој се смета за престанок на периодот на осигурување со зголемено траење ***(во примерот 30).***

***Во поле 3.20*** се пополнува бројот на денови на стажот на осигурување, што се смета со зголемено траење ***(во примерот 30).***

***Во поле 3.21*** се пополнува бруто основица (плата) за периодот од полињата 3.19а и 3.19б ***(во примерот 25.000).***

***Во поле 3.22*** се пополнува придонесот за стаж со зголемено траење 3.21 помножено со соодветна стапка на придонес, соодветно за секој период ***(во примерот 25000 х 4,7% = 1.175).***

***Во поле 3.19а*** се пополнува датумот во месецот кој се смета за почеток на осигурување со зголемено траење ***(во примерот 1).***

***Во поле 22б*** се пополнува доплатата на придонес до најниска основица за стаж со зголемено траење, бенифициран стаж **(во примерот 1).**

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

М-р. Христина Игнатоска

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА НА ТРГОВСКО ДРУШТВО

***Зголемувањето на основната главнина претставува статусна промена на актот за основање со тоа што при зголемување на истата облигаторен е елементот на упис на промената во Централниот регистар на Република Македонија.***

### ВОВЕД

Имотот создаден со вложувања во трговското друштво од страна на содружниците се изразува во пари и ја претставува основната главнина на друштвото.

Правата и обврските што содружникот ги стекнува врз основа на влогот во основната главнина на трговското друштво претставуваат негов удел во друштвото.

Основната главнина на друштвото се запишува во трговскиот регистар.

Со секое зголемување на основната главнина се врши и измена на договорот, односно изјавата за основање на друштвото, од што произлегува и обврската за упис на промената во Трговскиот регистар.

За зголемување на основната главнина на друштвото **одлучува собирот на содружници** и бидејќи се работи за измена на договорот за основање на друштвото, одлуката се носи со **тричетвртинско мнозинство** од вкупниот број на гласови што ги имаат содружниците во друштвото.

Доколку зголемувањето на основната главнина повлекува и поголеми обврски и права за содружниците, тогаш, одлуката се донесува со согласност на сите содружници.

### *1. УСЛОВИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА*

Со одлуката за зголемување на основната главнина се определуваат:

- износот на зголемувањето на основната главнина, начинот на кој лицата кои ќе преземат влог ќе учествуваат во распределбата на добивката и од кога во деловната година во којашто е зголемена основната главнина ќе го остваруваат ова право,
- износот на делот од основната главнина што треба да се уплати пред поднесувањето на пријавата за упис во трговскиот регистар,
- рокот во кој треба да се уплатат влоговите и начинот на плаќањето,
- видот на непаричните влогови, ако зголемувањето се врши со внесување непарични влогови,
- дополнителните обврски и другите услови под коишто се врши зголемувањето на основната главнина.

Само со одлука за зголемување на основната главнина може од лицата кои ги запишуваат и преземаат влоговите до износот на зголемувањето, да се бара уплата над номиналниот износ на преземениот влог, како и за новите влогови да се утврдат посебни права. Ако се бара уплата над номиналниот износ на запишаниот влог, вишокот мора да биде уплатен пред поднесувањето на пријавата за упис на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

Ако зголемувањето на основната главнина се врши со внесување непарични влогови, тоа мора изречно да се одреди со одлуката за зголемување на основната главнина, при што мора да се определи рокот во кој мора да се внесат непаричните влогови. Непаричните влогови мораат да се внесат во друштвото, пред да се поднесе пријавата за упис на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

Одредбите од законот за најнискиот износ на влог, начинот на уплата, пристигнувањето на уплатата на влогот, како и за правните последици од доцнењето на уплатата, се применуваат и врз новите влогови.

Ако зголемувањето на основната главнина се врши со внесување непарични влогови, одредбите од членот 35 од Законот за трговски друштва ("Службен весник на РМ" 28/04 ... 120/18), за процената на непаричниот влог и за одговорноста на содружникот, кој го внесува непаричниот влог, се применуваат и на новите влогови.

### *2. ПРЕЗЕМАЊЕ НА НОВИ ВЛОГОВИ ОД СТРАНА НА СОДРУЖНИЦИТЕ*

Новите влогови, друштвото ги нуди на постојните содружници или на други лица, кои не се содружници.

Постојните содружници имаат право на **првенствено преземање на нови влогови**, сразмерно на дотогаш преземените влогови во основната главнина на друштвото, освен ако со договорот за друштвото, односно со одлуката за зголемување на основната главнина поинаку не е определено.

Управителот, со препорачани писма, им нуди на содружниците преземање влогови во износ соодветен на зголемувањето на основната главнина, што им припаѓа според ставот 2 од член 256 од Законот за трговски друштва ("Службен весник на РМ" 28/04 ... 120/18). Ако содружникот, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на препорачаното писмо, не го преземе влогот, управителот, според истата постапка, ќе го понуди на другите содружници. Ако другите содружници не го преземат влогот за осум дена од денот на доставувањето на писмото, управителот, по свој избор, а во интерес на друштвото, ќе им го понуди на лица, кои не се содружници, ако во договорот за друштвото или во одлуката за зголемување на основната главнина, поинаку не е определено.

Влогот се презема со изјава за преземање влог, којашто се дава во писмена форма. Изјавата, покрај износот на преземениот влог, содржи податоци за сите други обврски што произлегуваат од договорот за друштвото, односно од одлуката за зголемување на основната главнина. Ако лицето што презема влог не е содружник, изјавата ја содржи и неговата согласност дека ста-

нува содружник и дека ги презема правата и обврските определени со договорот за друштвото. Изјавата се заверува кај нотар.

Кон пријавата за упис на зголемувањето на основната главнина со преземање нови влогови во централен регистар на РМ, се приложуваат:

- одлуката за зголемување на основната главнина;
- изјавите за преземање на влоговите заверени кај нотар;
- список на лицата кои презеле нови влогови, потпишан од страна на подносителот на пријавата во којашто се наведуваат износите на преземените и уплатените влогови во што се уплатени, и докази дека се уплатени коишто се приложуваат кон списокот, а ако влоговите ги преземаат постојните содружници на друштвото-вкупниот износ на нивните влогови;
- договор со којшто е извршено внесување на непаричните влогови. ако основната главнина се зголемува со внесување непарични влогови и
- доказ за сопственост во којшто е извршена прибелешка во јавна книга за евиденција на недвижни ствари, а ако се внесува подвижна ствар за којашто со закон, е определена обврска за евиденција (регистар) доказ за сопственост над подвижната ствар.

Пријавата за упис на зголемување на основната главнина во трговскиот регистар ја поднесува управителот, односно лицето коешто тој ќе го овласти. со полномошно заверено кај нотар.

Пред да се објави уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар, друштвото **не смее** во своите деловни објави и преписки да го спомнува зголемувањето на основната главнина.

Во објавата на уписот дека е зголемена основната главнина на друштвото, се наведува содржината на уписот, а ако во друштвото се внесени непарични влогови се наведуваат и договорите со коишто е извршено внесувањето на непаричните влогови. Во објавата на уписот е доволно само да се упати на исправите што се приложени кон пријавата за упис.

### *3. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА ОД РЕЗЕРВИТЕ*

Содружниците можат да донесат одлука за зголемување на основната главнина со претворање на резервите во основна главнина, којашто има карактер на одлука за измена на договорот за друштвото. Зголемувањето на влоговите се врши сразмерно со дотогашните влогови на содружниците.

Содружниците можат да ја донесат одлуката за зголемување на основната главнина, согласно горенаведеното само по усвојување на годишната сметка и според којашто друштвото нема тековни и непокриени загуби од претходните години и по усвојувањето на извештајот на овластен ревизор со којшто се потврдуваат фактите во годишната сметка.

Ако од денот на усвојувањето на годишната сметка и на извештајот на овластен ревизор, изминат повеќе од осум месеца пред поднесувањето на пријавата за упис на одлуката за зголемување на основната главнина во трговскиот регистар, мора да се подготви нов извештај за биланс на состојбата и да се изврши ревизија од овластен ревизор.

За зголемување на основната главнина, можат да се користат добивката и резервите на друштвото, во согласност со целите за коишто се наменети. Кога содружниците ќе одлучат основната главнина да ја зголемат од добивката, при одлучувањето за распределбата, добивката ја распределуваат во резерви, со назнака дека ќе се користи за зголемување на основната главнина.

Зголемувањето на основната главнина на друштвото се врши со зголемување на номиналните износи на постојните удели во друштвото. Притоа, на соодветен начин, се применуваат одредбите од членот 174 став 4 од Законот за трговски друштва (“Службен весник на РМ” 28/04 ... 120/18).

Зголемувањето на основната главнина мора да се спроведе така што вкупниот износ на зголемените влогови, ќе одговара на зголемената основна главнина на друштвото.

Зголемените удели на содружниците на друштвото мораат да бидат во ист сооднос, како и оние пред зголемувањето на основната главнина на друштвото.

Во зголемувањето на основната главнина рамноправно учествуваат и сопствените удели, што ги стекнало друштвото.

Ако со одлуката за зголемување на основната главнина поинаку не е определено, зголемените удели учествуваат во добивката на друштвото што е остварена во текот на целата деловна година, во којашто е донесена одлуката за зголемување на основната главнина.

Одредба од одлуката за зголемување на основната главнина што е спротивна на одредбите од член 258 од Законот за трговски друштва ("Службен весник на РМ" 28/04 ... 120/18) е ништовна.

Кон пријавата за упис на зголемување на основната главнина од резервите во трговскиот регистар, се приложува:

- одлуката за зголемување на основната главнина со претворање на резервите во основна главнина;

- усвоената годишна сметка врз основа на која е донесена одлуката за зголемување на основната главнина, за која ревизорот изразил ревизорско мислење без резерва или мислење со резерва, која не ја доведува во прашање објективноста на годишната сметка и

- изјава од управителот, заверена кај нотар, дека од денот на којшто се однесува годишната сметка до денот на поднесувањето на пријавата, не настанале измени во имотот на друштвото што би го попречиле донесувањето на одлуката за зголемување на основната главнина.

Ќе биде извршен упис на одлуката за зголемување на основната главнина во трговскиот регистар, ако поднесената годишна сметка не е постара од осум месеца од последниот ден на којшто се однесува до денот на поднесувањето на пријавата за упис на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар. При уписот не се проверува и не се испитува дали поднесената годишна сметка е вистинита и составена во согласност со законот. При уписот, се наведува дека основната главнина е зголемена од средства на друштвото.

### *5. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА - СО ПРЕТВАРАЊЕ НА ЗАЕМ ВО ВЛОГ*

Претворањето на заемот даден од страна на единствениот содружник во друштвото или од страна на акционерот на акционерското друштво - кое друштво е во целосна негова сопственост или пак заемот кој што е даден од страна на друштво

кое е во целосна сопственост на единствениот содружник на трговското друштво на кое е даден заемот во траен влог во друштвото е воведено со ЗТД со измените на Законот објавени во “Службен весник на РМ” 119 од 29.08.2013.

Согласно ЗТД, еден од начините на зголемување на основната главнина на друштвото е и претварањето на заем во влог во друштвото.

Претворањето на Заем во влог е единствено можно доколку е исполнет следниот критериум:

- *Постоење на Заем кој е директно даден од страна на Единствениот содружник (содружник кој ги поседува 100% од уделите во друштвото) на друштвото кое ќе врши зголемување на основната главнина.*

Кон пријавата за упис на зголемувањето на основната главнина со претворање на заем во влог во централен регистар на РМ, се приложуваат:

- *одлуката за зголемување на основната главнина;*
- *договор за заем што се трансформира во влог во друштвото во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото;*
- *одлука за трансформација на заем што се трансформира во влог на друштвото во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото;*
- *изјава по член 32 од ЗТД од страна на управителот на друштвото;*
- *одлука за измена на актот за основање на друштвото,*
- *пречистен текст од актот за основање на друштвото и*
- *Изјава за лично потпишување и Полномошно на регистрационен агент.*

***Прилог: Одлука за трансформација на Заем во влог***

Врз основа на Законот за трговски друштва (“Службен весник на РМ” 28/04….120/18), единствениот содружник на Друштво за ___________________________ ДООЕЛ Скопје, преку управителот ____________________ на ден ____________ годи-
Име Презиме
на, ја донесе следната:

**ОДЛУКА ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА
НА ЗАЕМ ВО ВЛОГ**

**Член 1**

Единствениот содружник на Друштво за _____________ ________________________ ДООЕЛ Скопје, одлучи да изврши трансформација на даден заем, во влог во друштвото.

**Член 2**

Се трансформира Заемот кој единствениот содружник го дал на друштвото по основ на дадена парична позајмица и склучен договор за Позајмица бр. ________ од ___________ година на износ од _______________ ЕВРА во денарска противредност од _________________ денари, во траен влог во друштвото.

**Член 3**

Се задолжува управителот да ги изготви сите потребни документи за пренос на удел, обрасци и други документи за спроведување на постапката во Централниот регистар на РМ.

**Член 4**

Одлуката стапува на сила од датумот на нејзиното потпишување, а произведува правно дејствно од датумот на нејзиното спроведување во Централниот регистар на РМ.

*Скопје _____________ година*

**Единствен содружник:**
А Доо Белград
*преку управител*
Име Презиме
___________________

# СМЕТКОВОДСТВО

*Редакциски текст*

## *РАБОТНИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ЈУНИ 2021 ГОДИНА*

***Потребни за изработка на финансиски извештаи за период од 01.01 до 30.06.2021 година.***

***ВОВЕД***

Согласно член 476 од Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ" 19/04 ... 120/18), секој голем и среден трговец, трговците определени со закон, како и тргвците кои вршат банкарски дејности, дејности на осигурување, трговците кои котираат на берза, како и трговците чии финансиски извештаи влегуваат во консолидирани финансиски извештаи на претходно наведените трговци, имаат обврска да водат сметководство во согласност со усвоените меѓународните стандарди за финансиско известување.

Другите трговци имаат обврска да водат сметководство во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти.

Меѓународните стандарди за финансиско известување и Меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти, се ажурираат на годишна основа за да бидат усогласени со тековните стандарди, така како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди.

Одредбите од ЗТД во однос на водењето на сметководството, класифицирањето на трговците, трговските книги, годишните сметки и финансиските извештаи, соодветно се при-

менуваат и на правните лица со седиште во Република Македонија што вршат дејност одредена со Националната класификација на дејностите, кои не се сметаат за трговци во согласност со законот и со други прописи, ако со друг закон поинаку не е определено.

**Годишните Финансиските извештаи вклучуваат:**

- Извештај за финансиска состојба - ***Биланс на состојба;***
- *Извештај за севкупна добивка* ***- Биланс на успех;***
- ***Извештај за промените во главнината;***
- ***Извештај за паричните текови;***
- ***Применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки,*** подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Трговецот покрај тоа што составува годишна сметка за една календарска година, составува годишна сметка и финансиски извештај **и во покус период од наведениот, во случај на статусни промени (*присоединување, спојување, поделба*), ликвидација, стечај и во други случаи определени со закон.**

За таа цел при изработка на годишната сметка за година или за пократок период, деловните субјекти користат одредени работни податоци, кои претставуваат мерила и критериуми за утврдување на износот на средствата и изворите на средства, како и на износите на приходите и расходите.

**Во продолжение се презентирани сите неопходни податоци и информации за работењето во сметководството и изготвувањето на финансиските извештаи, кои се подготвени и објавени од страна на надлежните институции.**

**I. П Л А Т И**

***1. ПРОСЕЧНА ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА 2021 ГОДИНА, ИЗНЕСУВА:***

**41.141,00 денари.**

***2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ И ДАНОЦИ ЗА 2021 ГОДИНА, ИЗНЕСУВА:***

**20.571,00 денари (50 % од 41.141,00)**

***3.НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИ И ДАНОЦИ ЗА 2021 ГОДИНА, ИЗНЕСУВА:***

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08 ... 247/18), највисока месечна основица **за пресметување и уплата на придонесите** за примањата од работен однос е износот од **(16) шеснаесет просечни плати,** кој износ за 2020 година, изнесува:

**658.256,00 денари (16 x 41.141,00 денари).**

Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за примањата на **Извршен член** на одбор на директори во трговско друштво, **Член на Управен одбор** во трговско друштво, односно **Управител** во трговско друштво, е износот од **(16) шеснаесет просечни плати**.

**658.256,00 денари (16 x 41.141,00 денари).**

Највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите **за самовработено лице** е износот од **(12) дванаесет просечни плати.**

**493.692,00 денари (12 x 41.141,00 денари).**

Највисока основица **за корисник на паричен надоместок за време на невработеност** е износот од **80% од просечната плата** по работник во РС Македонија, објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

**32.913,00 денари (41.141,00 денари x 80%).**

При пресметка на највисоката месечна основица за тековната година, се зема предвид просечната плата по работник во РС Македонија, објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика, **која за 2020 година изнесува: 41.141,00 денари.**

**НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, а се пресметува данок на доход.**

### *4. ДАНОЧНО НАМАЛУВАЊЕ ЗА 2021 ГОДИНА*

**8.438,00 денари (на Месечно ниво);**

**101.256,00 денари (на Годишно ниво).**

### *5. МИНИМАЛНА ПЛАТА за 2021 година*

**Согласно Законот за минималната плата во РСМ ("Службен весник на РСМ" 24/12; 88/20), висината на минималната плата во Република Македонија:**

| Р.број | Период на важност | Нето | Бруто |
|---|---|---|---|
| 1 | 01.01 - 30.06.2020 | 14.500,00 | 17.943,00 |
| 2. | 01.07 - 31.12.2021 | 14.934,00 | 21.776,00 |
| 3. | 01.01 - 31.03.2021 | 14.955,00 | 21.776,00 |
| 4. | 01.04 - 31.03.2022 | 15.194,00 | 22.146,00 |

## *6. ПРОСЕЧНА ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА НЕТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

| ***ВО МЕСЕЦОТ*** | | | |
|---|---|---|---|
| ***Период*** | ***Просечна исплатена месечна нето плата*** | ***Соопштение на ДЗС*** | |
| | | ***Број*** | ***Дата*** |
| **НОЕМВРИ 2020** | 27.588,00 | 4.1.21.08 | 21.01.2021 |
| **ДЕКЕМВРИ 2020** | 28.294,00 | 4.1.21.17 | 23.02.2021 |
| **ЈАНУАРИ 2021** | 28.272,00 | 4.1.21.27 | 23.03.2020 |
| **ФЕВРУАРИ 2021** | 27.948,00 | 4.1.21.37 | 21.04.2021 |
| **МАРТ 2021** | 28.217,00 | 4.1.21.46 | 21.05.2021 |
| **АПРИЛ 2021** | 28.438,00 | 4.1.21.56 | 22.06.2021 |

### *6.1. Надоместоци на трошоци поврзани со работата*

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ (“Службен весник на РМ” 70/94 ... 170/13; 139/14, 147/15), ***работодавачот може да врши исплата на следните надоместоци:***

- **ИСПРАТНИНАТА ПРИ ОДЕЊЕ ВО ПЕНЗИЈА,** се исплатува во висина најмногу до двократен износ од просечната месечна нето плата по работник во РМ.
- **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР** се исплатува во висина најмногу **до 60%** од просечната месечна нето плата по работник во РМ (10% ДЛД).
- **ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА** се исплатува во висина од просечната месечна нето плата по работник во РМ (***јубилејните награди се оданочуваат со 10% ДЛД).***

Табеларен преглед на надоместоците

| *ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ДРУШТВА* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *Период* | *Испрат-нина при одење во пензија* | *Регрес за годишен одмор* | *Јубилејна награда* | *Соопште ние на ДЗС* | *Дата* |
| **НОЕМВРИ / 2020** | 55.176,00 | 16.553,00 | 27.588,00 | 4.1.21.08 | 21.01.2021 |
| **ДЕКЕМВРИ / 2020** | 56.588,00 | 16.976,00 | 28.294,00 | 4.1.21.17 | 23.02.2021 |
| **ЈАНУАРИ / 2021** | 56.544,00 | 16.963,00 | 28.272,00 | 4.1.21.27 | 23.03.2020 |
| **ФЕВРУАРИ / 2021** | 55.896,00 | 16.769,00 | 27.948,00 | 4.1.21.37 | 21.04.2021 |
| **МАРТ / 2021** | 56.434,00 | 16.930,00 | 28.217,00 | 4.1.21.46 | 21.05.2021 |
| **АПРИЛ / 2021** | 56.876,00 | 17.063,00 | 28.438,00 | 4.1.21.56 | 22.06.2021 |

## *7. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА НЕТО ПЛАТА ПО РАБОТНИК ВО РС МАКЕДОНИЈА ЗА ТРИ МЕСЕЦИ*

| *ЗА ПРЕТХОДНИ ТРИ МЕСЕЦИ* | | | |
|---|---|---|---|
| *Период* | *Просечна исплатена месечна нето плата* | *Соопштение на ДЗС* | |
| | | *Број* | *Дата* |
| **IX –X-XI/ 2020** | 27.631,00 | 4.1.21.08 | 21.01.2021 |
| **X-XI-XII/ 2020** | 27.925,00 | 4.1.21.17 | 23.02.2021 |
| **XI-XII-I/20/2021** | 28.050,00 | 4.1.21.27 | 23.03.2020 |
| **XII-I-II/20/2021** | 28.170,00 | 4.1.21.37 | 21.04.2021 |
| **I-II-III/ 20/2021** | 28.144,00 | 4.1.21.46 | 21.05.2021 |
| **II-III-IV/ 20/2021** | 28.200,00 | 4.1.21.56 | 22.06.2021 |

### *7.1. Надоместоци на трошоци поврзани со работата*

Согласно член 35 од Општиот колективен догвор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ” 150/12;189/13; (115/14 п.т.); 119/15; 150/16, работникот **има пра-во на надомест на трошоците поврзани со работата**, утврдени со закон и колективен договор и тоа:

- **ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА** во висина **од 8%** од основицата;
- **ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО**, согласно колективен договор на ниво на работодавач, но не помалку од Уредбата за издатоците за службен пат и селидби во странство, што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци („Службен весник на РМ" 50/00; 64/01; 110/08; 82/10; 12/12; 5/13; 1/14; 90/14);
- **ТЕРЕНСКИ ДОДАТОК** во зависност од обезбедените услови за работа на терен (***сместување, исхрана и слично),*** во висина утврдена со колективен договор на ниво на гранка односно оддел, односно на ниво на работодавач;
- **НАДОМЕСТ ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО,** во висина утврдена со колективен договор на ниво на гранка односно оддел, односно на ниво на работодавач, ***но не помалку од 60%*** од основицата, надоместокот за одвоен живот се исплатува кога работникот е распореден, односно упатен на работа надвор од седиштето на фирмата или надвор од местото на постојаното живеалиште;
- **НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕН АВТОМОБИЛ ЗА ПОТРЕБИ НА РАБОТОДАВАЧОТ ВО ВИСИНА ОД 30%** од цената на литар гориво, што го користи автомобилот за секој поминат километар;
- **НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ ПРИ СЕЛИДБА** за потребите на работодавачот, во висина на стварните трошоци;
- **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР ВО ВИСИНА ОД НАЈМАЛКУ 40%** од основицата, **под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач.** Со колективен договор на ниво на дејност или колективен договор на ниво на работодавач, може да се утврди регрес за годишен одмор во поголем износ од износот утврден со колективен договор. **Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината**. Износот се утврдува според основицата која

важи на денот на донесувањето на Одлуката за исплата. **Кај работодавачите кај кои настанале потешкотии во работењето,** ценејќи ја економско финансиската состојба на работодавачот, по задолжителна претходна консултација со синдикатот на ниво на гранка односно оддел, со спогодба потпишана од работодавачот и репрезентативната синдикална организација може да се утврди регрес за годишен одмор во помал износ од износот утврден со колективен договор. Кај работодавачите во кои нема формирано синдикат спогодбата се потпишува со избран претставник од работниците.

- **ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК** на неговото семејство се исплатува надоместок во висина од три основици;
- **ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА СОПРУГ, СОПРУГА, ДЕЦА И РОДИТЕЛИ КОИ ЖИВЕАТ ВО ИСТА СЕМЕЈНА ЗАЕДНИЦА**, на работникот му се исплатува надоместок во висина од две основици;
- **ЗА ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА** во висина на основицата – за најмалку 10 години работа кај ист работодавач;
